Влада на Република Северна Македонија
Агенција за млади и спорт

Бр. 12 - 1947/1
17-12-2020 год.

Агенција за млади и спорт
Ул.Македонија бр.38
Палата „Панко Брашанаров"
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. +389 (0) 2 3119-628
Email: contact@ams.gov.mk
web: www.ams.gov.mk

Врз основа на членот 49, став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/2019 и 110/2019) и членот 13, став 5 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 10/2020 година), директорот на Агенцијата за млади и спорт донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА МЛАДИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, ОРГАНИЗАЦИИ ЗА МЛАДИ И МЛАДИНСКИ ЧАДОР ОРГАНИЗАЦИИ

## Глава 1.
## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на Правилникот
### Член 1

(1) Со овој Правилник се уредуваат постапката и начинот на упис на младинските организации, организациите за млади и младинските чадор организации во Регистарот на младински организации, организации за млади и младински чадор организации (во натамошниот текст: Регистар) и другите прашања од значење за водењето на Регистарот во согласност со Законот за младинско учество и младински политики (во натамошниот текст: Закон)

### Младински организации, организации за млади и младински чадор организации
### Член 2

(1) Младинска организација, според Законот, е секоја организација која е регистрирана согласно со Законот за здруженија и фондации, во која највисокото тело на одлучување е составено од најмалку две третини млади лица на возраст од 15 до 29 години и чиишто цели и активности се дефинирани и насочени кон унапредување на интересите на младите.

(2) Организација за млади, според Законот, е секоја регистрирана организација согласно со Законот за здруженија и фондации која не е водена од млади или е подмладок на политичка партија, младинска секција во синдикат организирана како дел од друг правен субјект, чиј дел од програмските цели и активности се насочени кон унапредување на интересите на младите.

(3) Младинска чадор организација, според Законот, е организација во која членуваат формите на младинско организирање кои се обединуваат поради остварување на заеднички цели во специфични области и кои ги исполнуваат условите од членот 8, ст. 1 од Законот.

Влада на Република Северна Македонија
Агенција за млади и спорт

**Надлежност**
**Член 3**

(1) Регистарот на младински организации, организации за млади и младински чадор организации го водиСекторот за млади (во натамошниот текст: Сектор),при Агенцијатаза млади и спорт (во натамошниот текст: Агенција)

(2) Секторот врши упис на младински организации, организации за млади и младински чадор организации во Регистарот, како и негово ажурирање во согласност со Закон.

Глава 2.
ПОСТАПКА ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ

**Барање за упис во Регистарот**
**Член 4**

(1) Младинската организација, организацијата за млади или младинската чадор организација поднесува барање за упис во Регистарот до Агенцијата.

(2) Барањето за упис во Регистарот се поднесува во писмена форма.

(3) Барањето за упис во Регистарот младинската организација и организацијата за млади го поднесуваат на образецот во Прилог 1, а младинската чадор организација на образецот во Прилог 2.

(4) Барањето се потпишува од лицето кое е овластено да ја застапува и претставува младинската организација, организацијата за млади или младинската чадор организација.

(5) Кон барањето за упис во Регистарот се доставуваат и следните прилози:

- решение за извршен упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија, со кое се потврдува дека организацијата е основана најмалку една година;
- тековна состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија не постара од шест месеци со која се докажува активниот статус на организацијата:
- статут на организацијата;
- програма за работа на организацијата;
- годишен извештај на активности од областа на млади;
- список со вкупен број на членови на организација и
- број на членови од 15 до 29 години.

(6) Организација за млади не е должна да ги поднесе документите од алинеја 6 и 7 од претходниот став

(7) Наместо документите од алинеја 6 и 7 од ставот (5) на овој член, младинската чадор организација кон барањето за упис во Регистарот доставува:

- список на членки – младински организации и организации за млади во кој е наведено од кој плански регион на Република Северна Македонија тие имаат седиште и
- список на членови на највисокиот орган на управување каде е наведен датумот на раѓање на секој од членовите.

(8) Прилозите кон барањето се доставуваат во оригинал или како заверена копија.

(9)Податоците содржани во барањето мораат да бидат идентични со податоците содржани во прилозите.

**Погрешно, нецелосно или нејасно барање**
**Член 5**

(1) Ако барањето за упис во Регистарот е нецелосно и нејасно, односно доколку не се доставени сите прилози, Секторот ќе го повика подносителот да ги отстрани недостатоците во рок од 15 дена.

(2) Ако подносителот не ги отстрани недостатоците во одредениот рок, Секторот ќе донесе решение со кое ќе го отфрли барањето.

(3) Против решението подносителот може да поведе управен спор.

**Донесување на решение**
**Член 6**

(1) Ако Секторот оцени дека не се исполнети условите за упис во Регистарот во согласност со Законот, ќе донесе решение со кое го одбива барањето за упис во Регистарот.

(2) Против решението од ставот (1) подносителот на барањето може да поведе управен спор.

(3) Ако Секторот оцени дека се исполнети условите за упис во Регистарот во согласност со Законот, ќе донесе решение за упис во Регистарот.

Глава 3.
ФОРМА, СОДРЖИНА И АЖУРИРАЊЕ НА РЕГИСТАРОТ

**Форма на Регистарот и јавност**
**Член 8**

(1) Регистарот се води во електронска форма, на начин што се обезбедува заштита на личните податоци, согласно прописите од областа на заштита на личните податоци.

(2) Регистарот е јавен и се објавува на веб-страната на Агенцијата.

**Содржина на Регистарот**
**Член 9**

(1) Регистарот, за секоја впишана младинска организација или организација за млади ќе ги содржи следните податоци:

- уписен број;
- назив на организацијата;
- датум на основање на организацијата;
- датум на упис во Регистарот;
- седиште и контакт инфомации;

Влада на Република Северна Македонија
Агенција за млади и спорт

- одговорно лице во организацијата;
- веб-страна на организацијата;
- број и датум на решение за упис во Регистарот.

**Ажурирање на Регистарот и бришење на организации**
**Член 10**

(1) Секторот е должен еднаш годишно да изврши проверка дали упишаните организации ги исполнуваат условите за упис во регистарот согласно Законот и овој Правилник.

(2) За да ја спроведе својата должност од ставот (1), Секторот може од организациите кои се упишани во Регистарот да побара да ги достават документите од членот 4 став (4) на овој Правилник.

(3) Доколку младинската организација или организацијата за млади повеќе не ги исполнува условите за упис во Регистарот или не ги достави бараните документи или податоци од ставот (2) на овој член во рок од 30 дена, ќе биде избришана од Регистарот.

(4) Од Регистарот ќе биде избришана и организација која ќе поднесе барање за бришење од Регистарот.

(5) За бришење на организацијата од Регистарот, Секторот донесува решение.

(6) Против решението од ставот (5) може да се поведе управен спор.

**Издавање потврди за упис во Регистарот**
**Член 11**

(1) На барање на организациите упишани во Регистарот, Секторот издава потврда за упис во Регистарот.

(2) Потврдата за упис во Регистарот се издава на образецот во Прилог 3.

Глава 4.
ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Стапување на сила**
**Член 13**

(1) Овој Правилник се објавува на веб-страната на Агенцијата и стапува на сила со денот на објавувањето.

**Директор**
**Наумче Мојсовски**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ - AGJENCIA PER RINI DHE SPORT
Скопје - Shkup

Влада на Република Северна Македонија
Агенција за млади и спорт

Прилог 1

**БАРАЊЕ**
**за упис во Регистарот на младински организации и организациизa млади**

| | |
|---|---|
| **Назив на организацијата** | |
| **Седиште на организацијата** | |
| **ЕМБС (ако има)** | |
| **Одговорно лице** | |
| **Електронска пошта и телефон за контакт** | |

Прилог:
- ☐ Решение за извршен упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија
- ☐ Тековна состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија не постара од шест месеци
- ☐ Статут на организацијата
- ☐ Програма за работа на организацијата
- ☐ Годишен извештај на активности од областа на млади
- ☐ Вкупен број на членови на организацијата
- ☐ Број на членови од 15 до 29 години

Датум

____________

МП

Одговорно лице

________________

Влада на Република Северна Македонија
Агенција за млади и спорт

**Прилог 2**

**БАРАЊЕ**
**за упис во Регистарот на младински чадор организации**

| | |
|---|---|
| **Назив на младинската чадор организација** | |
| **Седиште на младинската чадор организаци** | |
| **ЕМБС (ако има)** | |
| **Одговорно лице** | |
| **Електронска пошта и телефон за контакт** | |

Прилог:

- ☐ Решение за извршен упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија
- ☐ Тековна состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија не постара од шест месеци
- ☐ Статут на организацијата
- ☐ Програма за работа на организацијата
- ☐ Годишен извештај на активности од областа на млади
- ☐ Број на членки – младински организации или организации за млади каде е наведено во кој плански регион од Република Северна Македонија тие имаат седиште
- ☐ Број членови во највисокиот орган на управување каде е наведен датумот на раѓање на секој од членовите

Датум МП Одговорно лице

_____________ _____________

Влада на Република Северна Македонија
**Агенција за млади и спорт**

**Прилог 3**

Врз основа на членот 13, став 5 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 10/2020) и членот 11, ставови 1 и 2 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на младински организации и организации за млади („Службен весник на Република Северна Македонија бр -----), Агенцијата за млади и спорт ја издава следнава:

**ПОТВРДА**
**ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА МЛАДИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, ОРГАНИЗАЦИИ ЗА МЛАДИ И МЛАДИНСКИ ЧАДОР ОРГАНИЗАЦИИ**

Се потврдува дека организацијата ________________________________, со
(назив на организацијата)
седиште на ________________________________ и ЕМБС ____________________ е
(улица, град / населено место, држава)
е упишана во Регистарот на младински организации, организации за млади и младински чадор организации кој го води Агенцијата за млади и спорт со решение бр. ____________________ и број на упис ________________.

**Име и презиме на овластено лице:**

**Место и датум:**

____________________

**Потпис** ________________